**20151644683**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 9 став (2) од Законот за нотаријатот ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/07, 86/08, 139/09 и 135/11), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА И ПРОСТОРИИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА НОТАРСКАТА СЛУЖБА

Член 1

Во Правилникот за утврдување на опремата и просториите за вршење на нотарската служба („Службен весник на Република Македонија" бр.31/08 и 32/08), во член 7 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Нотарската канцеларија има пулт на видно и пристапно место за учесниците во постапката пред нотар, со ознака дека на истиот може да се погледне Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем од страна на нотарите и телефонски број од Нотарската комора на Република Македонија на кој до Претседателот на Нотарската комора се пријавуваат неправилностите на нотарите во врска со наплатата на надоместокот за издавање на имотен лист пропишан со Тарифникот за висина на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем."

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-3022/2
21 септември 2015 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари,** с.р.